# АПЕЛАЦИОНЕН СУД
# ГОСТИВАР



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2022

Живко Брајковски 1
info@asgostivar.mk
042/221-544

# СОДРЖИНА

1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД 3
2. СУДСКА УПРАВА 4
3. КВАЛИТЕТ НА РАБОТЕЊЕТО НА НИВО НА СУД 5
4. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ:
   А) КРИВИЧЕН ОДДЕЛ 5
   Б) ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ 7
5. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДДЕЛ:
   А) КРИВИЧЕН ОДДЕЛ 8
   Б) ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ 9
6. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ 10
7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ:
   ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ 11
   СИСТЕМАТИЗАЦИЈА 11
   СУДСКАТА ФУНКЦИЈА 12
   СУДСКА СЛУЖБА 13
   ПРОЦЕНКА НА БЕЗБЕДНОСТА НА ВРАБОТЕНИТЕ, СТРАНКИТЕ,ПРЕДМЕТИТЕ И ОПРЕМНОСТА НА СУДОТ СПОРЕД СТАНДАРДИТЕ 13
8. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА 15
9. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНИ ПОСЕТИ НА ПОНИСКИТЕ СУДОВИ 17
10. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 19
11. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ 20
12. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ 21
13. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЛАНИРАНИ И ИЗВРШЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ 22

## 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

Апелациониот суд Гостивар како самостоен и независен државен орган, суди врз основа на Уставот на Република Северна Македонија, законите и Меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, со што ја обезбедува единствената примена на правото и заштитата на човековите слободи и права.

Во текот на извештајниот период, судот со максимално ангажирање на сите вработени-судиите, стручниот кадар и административно-техничкиот персонал, остана посветен на настојувањата за ефикасно и квалитетно извршување на судската функција, во рамките на своите надлежности со максимална посветеност за целосна реализација на програмата за работа за 2022 година.

Во овој период судот вкупно во работа имал 4.318 предмети, која бројка ја сочинуваат 663 предмети пренесени како остаток од претходната година и 3.655 новопримени предмети.

Приливот на нови предмети во однос на предходната година, кога изнесувал 3.399 предмети е зголемен за 256 предмети и изнесува 3.655 предмети.

Во текот на извештајниот период, судот решил 3.377 предмети што претставува зголемување од  170 предмети во однос на минатата година, додека  на крајот од годината останале нерешени вкупно 941 предмет.

Според статистичките податоци за бројот на предмети во извештајниот период во споредба со предходната 2021 година во **кривичниот оддел** се констатира зголемување на приливот за 144 предмети. И тоа во уписникот "КЖ" за 42 предмети, во уписникот "КЖМ" за 7 предмети и во уписникот "ПРКЖ" за 146 предмети, додека во уписникот "КСЖ" има намалување на приливот за 29 предмети и во уписникот  "КР" за 22 предмети,. Во **граѓанскиот оддел** во извештајниот период има зголемување на приливот за 112 предмети во однос на 2021 година. И тоа во уписникот "ГЖ" за 108 предмети и во уписникот "Р" за 52 предмети, додека во уписникот "РОЖ" се бележи намалување од 45 предмети и во уписникот "ТСЖ" за 3 предмети во однос на минатата година.

Состојбата во однос на времетраење на постапката е следна:

- **До 1 месец** решени се 1.190 предмети или 35,24%,
- **Од 1-3 месеци** решени се 686 предмети или 20,32%,
- **Од 3-6 месеци** решени се 1.047 предмети или 31%,
- **Над 6 месеци** решени се 454 предмет или 13,44%.

## ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

| Уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопри-мени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 178 | 572 | 0 | 0 | 750 | 529 | 221 |
| КЖМ | 2 | 17 | 0 | 0 | 19 | 18 | 1 |
| КСЖ | 0 | 158 | 0 | 0 | 158 | 157 | 1 |
| ПРКЖ | 1 | 684 | 1 | 0 | 686 | 681 | 5 |
| КР | 0 | 37 | 0 | 0 | 37 | 34 | 3 |
| ГЖ | 287 | 1283 | 0 | 0 | 1570 | 1084 | 486 |
| РОЖ | 157 | 679 | 0 | 0 | 836 | 634 | 202 |
| ТСЖ | 38 | 147 | 0 | 0 | 185 | 164 | 21 |
| Р | 0 | 77 | 0 | 0 | 77 | 76 | 1 |
| **ВКУПНО** | **663** | **3654** | **1** | **0** | **4318** | **3377** | **941** |

## 2. СУДСКА УПРАВА

Во однос на судската управа, приливот на нови предмети во извештајниот период изнесува 1.669 предмети, што претставува зголемување од 345 предмети во однос на минатата година.

Од нив, 1544 предмети се од уписникот “СУ” - уписникот за Судска управа, 4 предмети се од уписникот “СУ-ДОВ” – Доверлив уписник за судска управа, 37 предмети се од уписникот “УПП” – уписник за евиденција на преставки и поплаки, 79 предмети се од уписникот “ИЗЗ” – уписник за изземањето на судиите и претседателот и 5 предмети се од уписникот “СПИ” – уписник за слободен пристап до информации.

Во текот на извештајниот период, сите предмети од судска управа се завршени.

| Уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримен и предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ | 0 | 1544 | 0 | 1544 | 1544 | 0 |
| СУ-ДОВ | 0 | 4 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| СУ-СТР-ДОВ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| УПП | 0 | 37 | 0 | 37 | 37 | 0 |
| ИЗЗ | 0 | 79 | 0 | 79 | 79 | 0 |
| СПИ | 0 | 5 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| **ВКУПНО** | **0** | **1669** | **0** | **1669** | **1669** | **0** |

## 3. Квалитет на работење на ниво на суд

Според податоците од вратените предмети од страна на Врховниот суд, Судот го задржал високиот квалитет во работењето.

Имено, вратени се вкупно 92 судски одлуки, од кои **потврдени** се 73 одлуки или 2,16% од решените предметите, **преиначени** се 3 одлуки или 0,09% од решените предметите и **укинати** се 16 одлуки или 0,47% од решените предмети.

| Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 3.377 | 73 | 2,16% | 16 | 0,47% | 3 | 0,09% |

Во однос на процентот од вратените одлуки од Врховниот суд, **потврдени** се 79,35% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, **преиначени** се 3,26% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек и **укинати** се 17,39% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек.

| Одлуки по ВПЛ | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 92 | 73 | 79,35% | 16 | 17,39% | 3 | 3,26% |

## 4. Предметно работење на ниво на оддели

### А) Кривичен оддел

Во кривичниот оддел согласно распоредот за работа на судиите во Апелациониот суд Гостивар за 2022 година, постапувале пет кривични совети од кои два совета решаваат предмети од уписникот „КЖ“ - второстепени кривични предмети и од уписникот „ПРКЖ“ - второстепени прекршочни предмети додека еден кривичен совет за решавање на кривични предмети од уписникот „КЖМ“, согласно Законот за малолетничка правда и посебен совет кој постапува исклучиво по кривичните предмети заведени во уписникот „КСЖ“ и „КР“, еден кривичен совет од петмина судии за кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од 15 години или казна доживотен затвор.

Во текот на 2022 година во Кривичниот оддел постапувале 4 судии вклучувајќи го и престедателот на судот.

Во Кривичниот оддел во извештајниот период вкупно во работа имало 1.650 предмети од кои 181 предмет бил пренесен како нерешен од претходната година, а 1.469 предмети биле новопримени, при што судот вкупно решил 1.419 предмети, а на крајот од годината останале нерешени 231 предмет кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот вкупно во работа во овој оддел имал 1.512 предмети, во извештајниот период обемот на работа е зголемен за 138 предмети и изнесува 1.650 предмети, а тоа се должи на зголемениот прилив кој е за 144 предмети поголем во однос на претходната година.

Бројот на решените предмети во кривичниот оддел во извештајниот период е зголемен за 88 предмети во однос на претходната година и изнесува 1.419 предмети. Додека бројот на

нерешените предмети во однос на 2021 е зголемен за 50 предмети и изнесува 231 предмет, кои се пренесуваат за наредната година.

Во текот на извештајниот период во Судот вкупно во работа по уписникот “КЖ” имало 750 кривични предмети што е зголемување од 67 предмети во однос на 2021 година. Од нив 178 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 572 предмети се новопримени предмети. Вкупно биле решени 529 предмети, додека како нерешени останале 221 предмет, односно 43 предмети повеќе од 2021 година.

Во уписникот „КЖМ“ кривични предмети во постапка против малолетници, се бележи зголемување за 7 предмети во однос на минатата година, односно биле примени 17 предмети. Заедно со 2-та предмета кои останале нерешени од минатата година, вкупно во работа биле 19 предмети. Од нив решени се 18 предмети, додека 1 предмет се пренесува како нерешен за наредната година.

Во уписникот „КСЖ“ кривичен совет вкупно во работа имало 158 предмети што е намалување од 40 предмети во однос на 2021 година. Во текот на извештајниот период решени се 157 предмети, додека 1 предмет се пренесува како нерешен за наредната година.

Во уписникот „ПРКЖ“ прекршочни предмети заведени биле 685 предмети, односно 146 предмети повеќе од 2021 година. Имајќи го во предвид 1 нерешен предмет од претходната година, вкупно во работа биле 686 предмети, од кои во текот на извештајниот период решени биле 681 предмети, додека 5 предмети се пренесуваат како нерешени за следната година.

Во уписникот „КР“ вкупно во работа имало 37 предмети што претставува намалување од 22 предмети во однос на минатата година. Сите 37 предмети се примени во текот на извештајниот период, од кои 34 предмети биле решени, додека 3 предмети се пренесуваат како нерешени за наредната година.

Состојбата во однос на времетраење на постапката е следна:

- **До 1 месец** решени се 799 предмети или 56,31%,
- **Од 1-3 месеци** решени се 177 предмети или 12,47%,
- **Од 3-6 месеци** решени се 340 предмети или 23,96%,
- **Над 6 месеци** решени се 103 предмети или 7,26%.

## Предметно работење на ниво на Кривичен оддел

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 178 | 572 | 0 | 0 | 750 | 529 | 221 |
| КЖМ | 2 | 17 | 0 | 0 | 19 | 18 | 1 |
| КСЖ | 0 | 158 | 0 | 0 | 158 | 157 | 1 |
| ПРКЖ | 1 | 684 | 1 | 0 | 686 | 681 | 5 |
| КР | 0 | 37 | 0 | 0 | 37 | 34 | 3 |
| **ВКУПНО** | **181** | **1468** | **1** | **0** | **1650** | **1419** | **231** |

### Б) Граѓански оддел

Во граѓанскиот оддел согласно распоредот за работа на судиите и останатите вработени за 2022 година, беа два совета кои постапуваат по предметите заведени во уписникот „ГЖ“ второстепени граѓански предмети  и трет совет, кој постапува по предметите за трговските и работни спорови во уписникот „ТСЖ“ второстепени предмети по трговски спорови и во уписникот „РОЖ“ предмети од работни спорови. Во рамките на Граѓанскиот оддел постои и посебен совет кој ги работи предметите П5 – утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета, а исто така постои и посебен стечаен совет кој ги работи предметите поврзани со стечај.

Во текот на 2022 година во Граѓанскиот оддел постапувале 7 судии.

Во Граѓанскиот оддел во извештајниот период вкупно во работа имало 2.668 граѓански предмети, од кои 482 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 2.186 предмети се новопримени, при што Судот вкупно решил 1.958 предмети, а на крајот од годината нерешени останале 710 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога Судот во работа имал вкупно 2.358 предмети, обемот на работа во извештајниот период е зголемен за 310 предмети и изнесува 2.668 предмети, што се должи на зголемениот прилив на 112 нови предмети , како и на зголемениот остаток на нерешени предмети од предходната година.

Во однос на решените предмети, во 2021 биле решени вкупно 1.876 предмети, додека во 2022 година тој број е зголемен за 82 предмети и изнесува 1.958 решени предмети. На крајот од годината останале нерешени 710 предмети, односно 228 предмети повеќе од 2021 година.

Во уписникот „ГЖ“ граѓански предмети, вкупно во работа биле 1.570 предмети, што е зголемување од 204 предмети во однос на минатата година. Од нив 287 предмети биле нерешени од предходната година и 1.283 се новопримени предмети, што претставува зголемување од 108 предмети во однос на 2021 година. Бројот на решени предмети изнесува 1.084 предмети. Исто така има зголемување и кај остатокот од нерешени предмети за 199 предмети во однос на минатата година и изнесува 486 нерешени предмети, кои се пренесуваат за наредната година.

Во уписникот „ТСЖ“ трговски спорови, заведени се 147 предмети или 3 предмети помалку од 2021 година, па имајќи ги во предвид 38-те нерешени предмети од претходната година, вкупно во работа биле 185 предмети. Од нив решени се 164 предмети односно 13 предмети повеќе од минатата година, додека нерешени останале 21 предмет.

Во уписникот „РОЖ“ работни спорови заведени се 679 предмети што претставува намалување од 45 предмети во однос на мината година. Имајќи ги предвид 157 нерешени предмети од претходната година, вкупно во работа биле 836 предмети. Од нив во текот на извештајниот период решени биле 634 предмети, што претставува зголемување од 13 предмети во однос на минатата година. Како нерешени останале 202 предмети или 45 предмети повеќе од 2021 година.

Во уписникот „Р“ разни граѓански предмети, се бележи зголемување за 52 предмети во однос на минатата година, односно биле примени 77 предмети. Од нив решени биле 76 предмети, додека 1 предмет се пренесува како нерешен за наредната година.

Советот кој работи на утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета во извештајниот период во работа имал вкупно 15 предмети, од кои 7 се решени во извештајниот

период, додека 8 останале нерешени и се пренесуваат за наредната година. Советот кој ги работи предметите поврзани со стечај, вкупно во работа во 2022 имал 6 предмети и истите се завршени.

Состојбата во однос на времетраење на постапката е следна:

- **До 1 месец** решени се 391 предмети или 19,97%,
- **Од 1-3 месеци** решени се 509 предмети или 26%,
- **Од 3-6 месеци** решени се 707 предмет или 36,10%,
- **Над 6 месеци** решени се 351 предмети или 17,93%.

### Предметно работење на ниво на Граѓански оддел

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 287 | 1283 | 0 | 0 | 1570 | 1084 | 486 |
| РОЖ | 157 | 679 | 0 | 0 | 836 | 634 | 202 |
| ТСЖ | 38 | 147 | 0 | 0 | 185 | 164 | 21 |
| Р | 0 | 77 | 0 | 0 | 77 | 76 | 1 |
| **ВКУПНО** | **482** | **2186** | **0** | **0** | **2668** | **1958** | **710** |

## 5. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДДЕЛ

### А) КРИВИЧНИОТ ОДДЕЛ

Кривичниот оддел на Апелациониот суд Гостивар во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето, според податоците од вратените предмети од страна на Врховниот суд.

Имено, во извештајниот период вкупно вратени се 34 одлуки за кривичните предмети. Од нив 30 одлуки се **потврдени** односно 2,11% од вкупно решените предмети и 4 одлуки се **укинати** односно 0,28% од вкупно решените предмети во овој оддел.

Во уписникот "КЖ" потврдени се 27 одлуки односно 5,10% од вкупно решените предмети и 4 одлуки се укинати односно 0,76% од вкупно решените предмети во овој уписник.

Во уписникот "КСЖ" се вратени 2 одлуки, истите се потврдени односно 1,27% од вкупно решените предмети во овој уписник.

Во уписникот "КЖМ" потврдена е 1 одлука односно 5,56% од вкупно решените предмети во овој уписник.

| Уписник | Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 529 | 27 | 5,10% | 4 | 0,76% | 0 | 0 |
| КЖМ | 18 | 1 | 5,56% | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КСЖ | 157 | 2 | 1,27% | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПРКЖ | 681 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КР | 34 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **1.419** | **30** | **2,11%** | **4** | **0,28%** | **0** | **0%** |

Во однос на вратените 34 одлуки од Врховниот суд, потврдени се 88,24% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек и укинати се 11,76% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.

- Во уписникот "КЖ" од вкупно 31 одлука, потврдени се 27 одлуки односно 87,10% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек и 4 одлуки се укинати односно 12,90% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.

- Во уписникот "КСЖ" 2 одлуки се потврдени односно 100% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.

- Во уписникот "КЖМ" 1 одлука е потврдена односно 100% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.

| Уписник | Одлуки по ВПЛ | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 31 | 27 | 87,10% | 4 | 12,90% | 0 | 0 |
| КЖМ | 1 | 1 | 100% | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КСЖ | 2 | 2 | 100% | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПРКЖ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КР | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **34** | **30** | **88,24%** | **4** | **11,76%** | **0** | **0%** |

### Б) Граѓанскиот оддел

Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Гостивар во извештајната година според податоците од вратените предмети од страна на Врховниот суд, го задржал високиот квалитет во работењето.

Имено, во извештајниот период од Врховниот суд вратени се 58 одлуки, од нив 43 одлуки се **потврдени** односно 2,20% од вкупно решените предмети, 3 одлуки се **преиначени** односно 0,15% од вкупно решените предмети и 12 одлуки се **укинати** односно 0,61% од вкупно решените предмети во овој оддел.

- Во уписникот "ГЖ" потврдени се 30 предмети односно 2,77% од вкупно решените предмети, 1 одлука е преиначена односно 0,09% од вкупно решените предмети и 8 одлуки се укинати односно 0,74% од вкупно решените предмети во овој уписник.

- Во уписникот "ТСЖ" потврдени се 7 одлуки односно 4,27% од вкупно решените предмети, 1 одлука е преиначена односно 0,61% од вкупно решените предмети и 4 одлуки се укинати односно 2,44% од вкупно решените предмети во овој уписник.

- Во уписник "РОЖ" потврдени се 6 одлуки односно 0,95% од вкупно решените предмети и 1 одлука е преиначена односно 0,16% од вкупно решените предмети во овој уписник.

| Уписник | Решени предмети | Потврдени | | Преиначени | | Укинати | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 1.084 | 30 | 2,77% | 1 | 0,09% | 8 | 0,74% |
| ТСЖ | 164 | 7 | 4,27% | 1 | 0,61% | 4 | 2,44% |
| РОЖ | 634 | 6 | 0,95% | 1 | 0,16% | 0 | 0 |
| Р | 76 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **1.958** | **43** | **2,20%** | **3** | **0,15%** | **12** | **0,61%** |

Во однос на вратените 58 одлуки од Врховниот суд, потврдени се 74,14% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек, укинати се 20,69% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек и преиначени се 5,17% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.

- Во уписникот "ГЖ" од вратените 39 одлуки, потврдени се 30 предмети односно 76,93% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек, 1 одлука е преиначена односно 2,56% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек и 8 одлуки се укинати односно 20,51% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.

- Во уписникот "ТСЖ" од вратените 12 одлуки, потврдени се 7 одлуки односно 58,34% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек, 1 одлука е преиначена односно 8,33% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек и 4 одлуки се укинати односно 33,33% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.

- Во уписник "РОЖ" од вратените 7 одлуки, потврдени се 6 одлуки односно 85,71% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек и 1 одлука е преиначена односно 14,29% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.

| Уписник | Одлуки по ВПЛ | Потврдени | | Преиначени | | Укинати | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 39 | 30 | 76,93% | 1 | 2,56% | 8 | 20,51% |
| ТСЖ | 12 | 7 | 58,34% | 1 | 8,33% | 4 | 33,33% |
| РОЖ | 7 | 6 | 85,71% | 1 | 14,29% | 0 | 0 |
| Р | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **58** | **43** | **74,14%** | **3** | **5,17%** | **12** | **20,69%** |

## 6. Состојба со стари предмети

Како стари предмети во овој извештаен период, вкупно во работа имало 578 предмети, од кои 21 предмет бил пренесен како стар нерешен од предходната година и 557 предмети биле новопримени, односно им поминал периодот од 6 месеци од денот на приемот на предметот во Судот. Од нив биле решени вкупно 410 предмети, а на крајот од годината останале 168 нерешени стари предмети кои се пренесуваат за наредната година.

| Уписник | Нерешени стари предмети | Новопримени стари предмети | Вкупно во работа на стари предмети | Решени стари предмети | Остаток на стари предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 7 | 144 | 151 | 84 | 67 |
| КСЖ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПРКЖ | 0 | 8 | 8 | 8 | 0 |
| ГЖ | 10 | 359 | 369 | 269 | 100 |
| РОЖ | 2 | 23 | 25 | 24 | 1 |
| ТСЖ | 2 | 23 | 25 | 25 | 0 |
| **ВКУПНО** | **21** | **557** | **578** | **410** | **168** |

## 7. Извештај за човечки ресурси

### Организациона поставеност

Согласно Судскиот деловник Апелациониот суд Гостивар својата надлежност ја остварува преку канцеларијата на Претседателот на судот, кривичен оддел, граѓански оддел, судии за судска пракса, судска писарница и канцеларија за односи со јавност.

Во рамките на канцеларијата на Претседателот на судот работеа: Раководителот на оддел за судска пракса, Раководителот на одделение за информатика, Самостоен референт-Сметководител, и Самостоен судски референт – кординатор на дактило биро. Раководителот на оддел за судска пракса својата надлежност ја остварува самостојно и со помош на останатите вработени во канцеларијата на Претседателот на судот.

Во кривичниот оддел беа распоредени 4 судии, вклучувајќи го и Претседателот на судот, 2 судски советници, 3 стручени соработници и 2 помлад судски соработник.

Во граѓанскиот оддел беа распоредени 7 судии, 3 судски советници 1 стручен соработник и 4 помлад судски соработници.

Во одделот за судска пракса беа распоредени 3 судии и тоа: Претседателот на Одделот, Претседателот на Кривичен оддел и Граѓанскиот оддел и еден помалд судски соработник.

Во судската писарница беа распоредени еден Водител на писарница во граѓански оддел, тројца Уписничари на писарница во кривичниот оддел и еден Референт за прием и експедиција на пошта и архивар.

### Систематизација

Согласно Одлуката на Судскиот совет на РМ Бр.07-1103/1 од 04.06.2012 година, во Апелационен суд Гостивар се предвидени 16 судии заедно со Претседателот на судот, пополнети се 12 судски места каде што непополнети се 4 судски места, од кои 1 судско место е во мирување поради тоа што еден судија е член на Судски совет на РСМ.

Согласно Актот за систематизација во овој суд СУ.бр/AGJ.nr.0101-3/22 од 16.03.2022 година, изнесува 134 работни места и тоа: 115 судски службеници, 8 судска полиција и 11 работни места технички персонал според ЗРО, од кои пополнети се 36 работни места, а непополнети се 98 работните места.

Во Апелационен суд Гостивар моменталната структура на вработени е следната:

Категорија „Б“ - 1 Раководител на оддел за судска пракса и 1 Раководител на одделеније по информатика.

Категорија „В“ – 5 Судски советници, 4 Судски соработници, 7 Помлад судски соработниk, 2 Соработници преведувачи - толкувач, 1 Помлад соработник – економист.

Категорија „Г“ - 1 Самостоен референт сметководител, 1 Самостоен судски референт во одделение по информатика, 1 Самостоен судски референт водител на судска писарница – граѓански оддел, 1 Самостоен судски референт водител на уписник на кривичниот оддел, 1 Самостоен судски референт – кординатор на дактило бииро, 1 Самостоен судски референт водител на уписник - архива, 1 Помлад референт - извршител за административно технички работи, 5 Судски референти – дактилографи.

Вработени спотед ЗРО - 1 Возач и 2 Хигиеничари.

Од вкупно предвидените работни места според систематизацијата на Апелациониот суд Гостивар непополнети работни места се следните:

<u>Категорија „А“</u> - 1 Судски администратор.

<u>Категорија „Б“</u> - Раководни судски службеници, предвидени 10 работни места непополнети се 8 работни места и тоа: 1 Самостоен судски советник, 1 Раководител на стручно - правна служба, 1 Раководител на помошно - стручно служба, 1 Раководителот на Кривичен оддел, 1 Раководителот на Граѓански оддел, 1 Раководител на одделение - за односи со јавност и аналитика, 1 Раководител на одделение – за финансиско и материјално работење и 1 Раководител на одделение за човечки ресурси.

<u>Категорија „В“</u> - Стручни судски службеници, предвидени 58 работни места непополнети се 39 работни места и тоа: 11 Судски советник, 1 Советник за јавни набавки, 2 Советник – информатичар, 1 Советник – за финансиско материјално работење, 1 Советник – потпарол, 3 Советник – лектор, 2 Советник – преведувач, 5 Виш судски соработник, 1 Виш судски соработник - аналитичар за следење на судска пракса, 6 Судски соработник, 1 Соработник - преведувач толкувач, 1 Соработник - за заштита при работа, 3 Помлад судски соработник и 1 Помлад соработник – преведувач.

<u>Категорија „Г“</u> – Помошно стручни судски службеници, предвидени 46 работни места непополнети се 34 работни места и тоа: 1 Самостоен судски референт – технички секретар на претседателот на судот, 1 Самостоен судски референт – технички секретар на судскиот администратор, 1 Самостоен судски референт – водител на писарница во кривичен оддел, 1 Самостоен судски референт – водител на уписник, 1 Самостоен судски референт - за прием и експедиција на пошта, 1 Самостоен референт – информатичар, 1 Самостоен референт – водител на стручна библиотека, 4 Виш судски референт – извршител во судска писарница, 7 Виш судски референт – дактилограф, 1 Виш судски референт – во оделение за човечки ресурси, 1 Виш судски референт – архивар, 1 Виш судски референт – благајник, 1 Виш судски референт – управител на судската зграда, 6 Судски референт – дактилограф, 1 Судски референт – доставувач, 3 Помлад судски референт - извршител во судска писарница и 2 Помлад референт – извршител за административно технички работи.

<u>Суска полиција</u> - предвидени 8 работни места непополнети се 8 работни места и тоа: 1 Координатор на судска полиција, 1 Командир на судска полиција и 6 Припадник на судска полиција.

<u>Работници според ЗРО</u> - предвидени 11 работни места непополнети се 8 работни места и тоа: 1 Оператор на телефонска централа, 1 Хаусмајстор, 1 Курир, 2 Работникот во судско бифе и 3 Хигиеничари.

## СУДСКАТА ФУНКЦИЈА

Согласно Одлуката на Судскиот совет на РМ Бр.07-1103/1 од 04.06.2012 година, судската фнкција во Апелационен суд Гостивар утврдено да ја вршат 16 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот, меѓутоа, во текот на извештајната година, Судот функционираше во нецелосен состав на судии, со тоа што судската функција ја извршувале 11 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот, каде што судот се соочуваше со потешкотии при ефикасноста и ажурноста при совладувањето на приливот на предмети во зависност од обемот на примени нови предмети.

Овој проблем се очекува да се предлабочува и во текот на 2023 година се додека не се превземат мерки за избор на нови судии, вклучувајќи го и тоа дека во месец октомври 2023 година на еден судија ќе му престане судската функција поради исполнување на законските услови за старосна пензија.

## СУДСКА СЛУЖБА

Стручните судски службеници во текот на извештајната година имаат особен придонес во функционирањето на судот преку стручно и совесно извршување на работните задачи, во врска со изработката на судските одлуки и друго.

Согласно пополнетоста на работните места по Актот за систематизација во овој суд, во извештајната 2022 година е следна: вкупно 33 судски службеници и 3 технични персонал, и тоа: 1 Раководител на оддел за судска пракса, 1 Раководител на одделение по информатика, 5 Судски советници, 4 судски соработници, 7 помлад судски соработници, 2 Соработници преведувачи - толкувач, 1 помлад соработник – економист, 1 самостоен референт сметководител, 1 самостоен судски референт во одделение по информатика, 1 самостоен судски референт водител на судска писарница – граѓански оддел, 1 самостоен судски референт водител на уписник на кривичниот оддел, 1 самостоен судски референт – кординатор на дактило бииро, 1 самостоен судски референт водител на уписник - архива, 1 помлад референт - извршител за административно технички работи, 5 судски референти – дактилографи,1 возач и 2 хигиеничари.

Судот раководи без судски администратор, а работни задачи на судскиот администратор ги извршува Раководителот на одделот за судска пракса, исто така судот нема вработен и Припадник на судска полиција.

Во текот на 2022 година, во Апелационен суд Гостивар преку Јавен оглас беа реализирани 5 нови вработување и тоа: 1 Раководител на оддел за судска пракса, 3 Судски соработници, 1 помлад референт - извршител за административно технички работи и преку Интерен оглас беа реализирани 4 унапредување на кариера со звање 1 самостоен судски референт водител на судска писарница – граѓански оддел, 2 самостоен судски референт водител на уписник на кривичниот оддел и 1 самостоен судски референт – кординатор на дактило биро.

Во текот на 2022 година, во Апелационен суд Гостивар работниот однос им престанал на 5 вработени и тоа: на 1 Раководидел на служба, 2 Судски советници и 1 Судски соработник и престанал со Спогодба, додека на 1 Припадник на судска полиција му престана по сила на Закон поради неоправдано отсуство од работа од 3 последователни работни дена во месецот.

Апелациониот суд Гостивар за да стигне максимална ефикасност во работењето во сите оддели и области, односно квалитетно и стручно да се извршуват сите работни задачии и цели во рамките на надлежности на овој суд, потребно е за нови вработувања на стручно кадар и административно –технички персонал, како и судски полицаец.

## ПРОЦЕНКА НА БЕЗБЕДНОСТА НА ВРАБОТЕНИТЕ, СТРАНКИТЕ, ПРЕДМЕТИТЕ И ОПРЕМНОСТА НА СУДОТ СПОРЕД СТАНДАРДИТЕ

Безбедносната состојба на вработените, странките, предметите и опременоста на судот е на задоволително ниво. Судот целосно е опремен со видео надзор така што се поставени 4 камери на сите поважни места во просторите на судот, а надвор од судот се поставени камерите на Основен суд Гостивар. Имено, во Апелационен суд Гостивар нема вработени

припадници на судската полиција, безбедноста на вработените, судската зграда и странките ја врши судската полиција на Основен суд Гостивар кои даваат голем придонес на тоа.

Преку распишување на тендери за групна јавна набавка од страна на Судскиот совет на РСМ во 2022 година набавени се 10 персонални компјутери кои се распоредуваат кај сите вработени, два скенера и еден мрежен печатар, набавен е и нов сервер и друга ИКТ опрема за непречено функционирање на АКМИС системот со сите надградби.

Предметите во судот се примаат во судската писарница која е опремена со големи и високи плакари и метални ормари каде ги чуваат предметите, кои се заклучуваат, а исто така и судиите во своите канцеларии се опремени со ормари во кои ги чуваат предметите и ги заклучат. Канцелариите на останатите вработени исто се опремени со неопходните и нужни предмети - ормари, бироа, столици, компјутери.

Судот во случај на пожар е опремен со потребен број на ПП апарати согласно површината на објектот и противпожарното оптоварување на истиот и тоа, 3 противпожарни апарати, кои редовно се сервисират од правни лица кои имаат Овластување издадено од Дирекцијата за заштита и спасување, исто така судот е опремен со хидрантска мрежа за гасење пожари, има инсталирано ормарче со хидрант со притисок од 7 бари, црево и метален приклучок.

На почетокот на 2017 година Апелационен суд Гостивар се здоби со сертификат за стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015. Согласно овој стандард изготвени се процедури со чија примена се овозможува безбедност на податоците, предметите и ИТ опремата во судот, а 14.12.2022 година е извршена ресертификација на сертификат за стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015, кој има важност 3 години.

Апелационен суд Гостивар врши електронска обработка на податоци во информацискиот систем кој претставува збир од сервер, мрежна опрема, персонални компјутери, печатачи, преносни медиуми и програмски алатки како поддршка на информацискиот систем.

Според процедурата за Доделување на кориснички превилигии за овластување лица кои вршат обработка на лични податоци врз основа на актот за систематизација и распоредот за работа секој вработен се распоредува во соодветна корисничка група со точно дефинирани привилегии за пристап до АКМИС системот и останатите податоци во ИТ системот. Со процедурата Правилата за пристап до сервер сала се пропишува евидентирање на пристап во сервер сала со цел да се обезбеди: контрола над влегувањето и излегувањето од просторијата во која се сместени серверите и заштита и сигурност на податоците обработени во Апелационен суд Гостивар.

Апелационен суд Гостивар воспоставува и применува мерки за физичка сигурност на информациските системи преку физичко обезбедување на работните простории и информатичко – комуникациската опрема каде што се собираат, чуваат и обработуваат податоци. Пристап до просториите каде е информациско – комуникациската опрема има Раководител на одделеније по информатика и други овластени лица од страна на Претседателот на судот. Физички пристап до просторијата во која е сместен серверот има администраторот на информацискиот систем, кој е писмено овластен од страна на претседателот на судот, со прецизирање на неговото својство и со образложување на причините, односно потребата за издавањето на овластување за пристап. Друго лице може да добие пристап до сервер салата само со Решение за пристап до сервер сала издадено од

претседателот на судот. За да се обезбеди сигурност на информацискиот систем сервер салата ги задоволува неопходните услови е климатизирана и нема грејни тела, има редундантен разладен систем кој одржува постојана температура и влажност, влезот е обезбеден со видео надзор. Вратата на сервер салата се држи заклучена, а клуч од истата има судскиот службеник - Раководител на одделение по информатика.

Со процедурите Физичка заштита и видео надзор и евиденција на лица кои влегуваа во судот се пропишува начинот на вршење на видео надзорот во просториите на судот, како и начинот на евидентирање на лица кои влегуваат во просторите на судот, со цел да се обезбеди: заштита на сопственоста, заштита на животот и здравјето на вработените и лицата кои се присутни во судовите поради природата на работата и контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории. Снимките од камери се зачувуваат на хард дискот од системот за видео надзор кој се наоѓа во посебна канцеларија.

За влез и излез во судот, вработените и странките го користат истиот влез (единствениот), контролата на влез и излез на лица во судската зграда се идентификуваат од страна судската полиција на Основен суд Гостивар.

## 8. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА

Овој оддел го сочинуваат Претседателот на Одделот - судија, Претседателите на Кривичниот и Граѓанскиот оддел и еден судски службеник. Одделот за судска пракса, секоја година донесува Годишен план за работа на одделот. Во текот на 2022 година, одделот за судска пракса ефикасно ги извршуваше работите во своја надлежност.

На одржаните седници на Кривичен, Граѓански оддел и Оддел за судска пракса при Апелациониот суд Гостивар во 2022 година беа разгледувани повеќе стручни прашања пред се со цел за воедначување на судската пракса и беа разгледувани и правни прашања изготвени од страна на судии од овој суд и правните прашања доставени од сите Апелациони судови по повод одржувањето на заедничката средба на сите судии од 4-те апелациони судови на подрачјето на Република Северна Македонија.

На работната средба на граѓанските одделите на Врховен суд на РСМ и Апелационите судови Гостивар, Скопје, Битола и Штип за хармонизација на судска пракса која е одржана на 08 и 09 јуни 2022 година во просторите на хотел Рамада Плаза во Гевгелија беа донесени следните заклучоци:

**1.** Дали по тужба на тужителот против тужената Општина Охрид, за утврдување на повреда на правото за заштита и унапредувањето на животна средина и на природата како темена вредност утврдена со Уставот на РСМ, тужбите ќе се отфрлаат заради немање на стварна судска надлежност или пак во ваквите предмети ќе се носат мериторни одлуки?(Прашање од АС Битола)

**З А К Л У Ч О К**

**Тужбата против општината за утврдување на повреда на правото на заштита и унапредување на животната средина и на природата како темелна вредност утврдена со Уставот на Република Северна Македонија, ќе се отфрли заради немање на судска надлежност.**

**2.** Дали, работникот за да го оствари правото од чл. 128 од ЗРО на соодветна храна за работа ноќно време или надоместок на трошоци за исхрана во висина од 20% од просечната

нето плата по работник исплатена во РМ во претходната година, сразмерно за деновите кога работникот работи ноќе, е потребно работникот да работи ноќе барем три часа од својата редовна дневна работна обврска и истиот да одработува ноќе третина од полното работо време од својата годишна работна обврска, или е доволно работникот да работи ноќе барем три часа од својата редовна дневна работна обврска, без оглед дали одработува ноќе третина од полното работно време од својата годишна работна обврска или не? (Прашање од АС Битола)

**З А К Л У Ч О К**

**Работникот за да го оствари правото на соодветна храна за работа ноќно време или надоместок на трошоци за исхрана за работа ноќе согласно чл. 128 од ЗРО, доволно е да биде исполнет еден од двата услови предвидени во овој член.**

**Правното прашање да се достави до Врховен суд на Република Северна Македонија на разгледување и изјаснување.**

3. Дали на вработените во судска полиција - судски полицајци им следуваат бонус плата предвиден со член 117 ст. 4 од ЗРО како и надоместок на трошоци за исхрана на ноќна работа предвиден во членот 128 од ЗРО, со оглед на тоа што овие надоместоци не се предвидени во Законот за судска служба, но се предвидени со законот за работни односи и дали во конкретниот случај за оваа категорија на вработени треба да се примени Законот за работни односи? (Прашање од АС Гостивар).

**З А К Л У Ч О К**

**На вработените во судска полиција-судски полицајци им следува бонус плата и надоместок на трошоци за исхрана за ноќна работа согласно Законот за работни односи.**

**Правното прашање да се достави до Врховен суд на Република Северна Македонија на разгледување и изјаснување.**

4. Дали работникот вработен во Фондот на ПИО на РСМ има право на разлика во плата од платата која е предвидена за работно место за кое има решение за распоредување до платата која е предвидена за работното место на кое е упатен да работи врз основа на дадено задолжување, односно овластување од Директорот на Фондот на ПИО на РСМ Скопје, а кое задолжение е дадено согласно чл. 34 а.2 од Законот за вработените во Јавниот Сектор? (Прашање од АС Штип).

**З А К Л У Ч О К**

**Работникот вработен во Фондот на ПИО на РСМ има право на разлика во плата од платата која е предвидена за работно место за кое има решение за распоредување до платата која е предвидена за работното место на кое е упатен да работи врз основа на дадено задолжување, односно овластување од Директорот на Фондот на ПИО на РСМ Скопје, а кое задолжение е дадено согласно чл. 34 ст.2 од Законот за вработените во Јавниот Сектор.**

5. Дали работникот, за да ги оствари своите права утврдени во чл.128 од ЗРО треба да се исполнети кумулативно предвидените услови, а тоа е да на годишно ниво работникот одработува ноќе 1/3 од полното работно време и на дневна основа работникот да работи ноќе барем три часа од редовна дневна обврска, или доволно е да биде исполнет барам еден од вака предвидените услови со овој член? (Прашање од АС Штип).

**З А К Л У Ч О К**

**Работникот за да го оствари правото на соодветна храна за работа ноќно време или надоместок на трошоци за исхрана за работа ноќе согласно чл. 128 од ЗРО, доволно е да биде исполнет еден од двата услови предвидени во овој член.**

**Правното прашање да се достави до Врховен суд на Република Северна Македонија на разгледување и изјаснување.**

## 9. Извештај за извршени посети на пониските судови

Врз основа на Методологијата за вршење на работни посети на основните судови од подрачјето на Апелационен суд Гостивар и утврдениот распоред за работни посети на Основните судови од оваа апелационо подрачје за 2022 година, судот во текот на извештајниот период изврши една работна посета, односно работна посета беше организирана и извршена во текот на месец октомври 2022 година. Беа формирани групи од судии од кривичниот и од граѓанскиот оддел, кои извршија посети на сите Основни судови на подрачјето на Апелационен суд Гостивар. Најпрво беше изготвен распоред за обавување на работните посети.

Претседателот на Апелационен суд Гостивар при обавувањето на работните посети на основните судови изврши и контрола на работењето во основните судови од аспект на примена на Судскиот деловник и контрола во делот на работењето на АКМИС системот, согласно член 25 од Судскиот деловник.

Пред обавувањето на работните посети, сите судии од Граѓански и Кривичен оддел на Апелационен суд Гостивар беа упатени со писмени известувања, при контролата на основните судови на што треба да обрнат внимание и тоа: кога за прв пат е заведен судскиот предмет во основен суд, за кое кривично дело, односно основот на граѓанскиот предмет, кој е текот на постапката по судскиот предмет, дали првостепената пресуда била укината и колку пати, дали бил поднесен вонреден правен лек во Врховен суд на РСМ, и кои се причините за одолговлекувањето на постапката по судскиот предмет, кога се работи за стари и незавршени предмети, забележување на личните впечатоци и мислења на судиите при решавањето на старите и незавршени предмети, давање на правна помош за одредени правни прашања на судиите во основните судови во смисла на надминување на некои потешкотии и слабости во решавањето на предметите, податоци за електронска достава,  аномизирани и објавени одлуки на веб страна на судот.

За извршените посети и преземените дејствија при посетите, секој судија изготви извештаи во рок од 8 дена од извршената контрола, кои што се доставени до Основните судови, Судскиот совет на РС Македонија, Врховен суд на РС Македонија и Министерство за правда на РС Македонија.

Од извршните посети во сите основни судови од подрачјето на Апелационен суд Гостивар во поглед на работењето на претседателите на судовите и основите судови во целина се констатира следната состојба:

Автоматската распределба на предмети во основните судови се врши преку автоматизиран компјутерски систем за управување со судски предмети, во текот на денот еднаш во 14,00 часот и со тоа се обезбедува секој судија во судот да добие во работа подеднаков број на предмети согласно дефинираните критериуми од Работното тело за стандардизација во Врховен суд на РСМ.

При обавените посети на основните судови е утврдено дека правилно се применува член 169 од Судскиот деловник во однос на правилниот попис на списите од граѓанските и кривичните предмети, хронолошко лепење на списите, со црвен мастило, нумерација на списите во десниот горен агол.

Доставувањето на предметите и списите од судската писарница на судиите, судските службеници ја вршат согласно Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети.

Работните тела за управувањето со движење на предметите во судовите правилно ја вршат својата работа согласно Законот за управување со движење на предметите во судовите.

Судиите во основните судови со свои изјави и известувања ги известуваат Претседателите на основните судови за причините поради кои не се завршени старите судски предмети.

Во сите основни судови се изготвени годишни распореди за работа за 2022 година, кои распореди се почитуваат и судиите работат по овие распореди, таму каде што има услови формирани се специјализирани оддели.

Претседателите на основните судови изготвуваат акциони планови за решавање на старите предмети, во кои се внесуваат и мислењата на судиите по однос на временскиот период кога планираат да ги решават старите  предмети кај кои постапката трае подолго време.

Редовно се одржуваат седници на судии во основните судови, најмалку еднаш месечно, а по потреба и повеќе пати, за што уредно се водат и записници за тоа.

При работните посети на подрачјето на Апелационен суд Гостивар се утврди дека планираните судски места во основните судови не се пополнети во целост, што преставува и една од причините за нормалнално работење и функционирање на основните судови и навременото решавање на судските предмети.

При извршените посети се утврди дека, дел од старите граѓански и кривични предмети, се од причина што странките не се достапни, се наоѓаат во странство или др., како и укинати предмети по кои постапувале повеќе судии со што одолговлекува постапката.

Во работните посети се обавени разговори со сите судии во врска со причините поради кои не се решени старите судски предмети и им беа дадени упатства во врска со начинот на понатамошното постапување по овие предмети за да се постигне поуспешно и поефикасно решавање на предметите.

Од страна на Претседателот на судот беше извршен и увид во предметите за наплата на судските паушали и извршувањето на кривичните и прекршочните санкции при што се утврди дека навремено и редовно постапува по предметите за наплата на паушалите, надоместоците и по предметите за извршување на санкции.

При контролата се утврдија и проблеми со не навремено постапување и решавање на голем дел од оставинските предмети кои што се наоѓаат кај нотарите.  Каде што од страна на Претседателот на Апелационен суд Гостивар им беше укажено на Претседателите на основните судови да превземаат мерки и од нивна страна да влијаат на нотарите што побрзо и навремено да ги решаваат оставинските предмети, од причина што овие оставински предмети

што се наоѓаат кај нотарите, а се нерешени се водат во евиденцијата на основите судови како нерешени предмети.

## 10. Извештај за односи со јавност

### Податоци за работа на канцеларијата за односи со јавност (контакти)

Согласно Законот слободен пристап до информации од јавен карактер, сите правни и физичка лица имаат право на слободен пристап до информации од јавен карактер, кои се однесуваат на работата на судот.

Овде се примаат сите писмени поднесоци и сите заинтересирани лица и полномошници во врска со информации за поедини предмети.

Овластено лице во Канцеларијата за односи со јавноста е Седула Мемеди.

Овде се врши и електронско скенирање на сите примени писмени поднесоци било по пошта или доставени лично на рака.

Канцеларијата за односи со јавноста се одговара на телефонски повици и усмени барања со цел да се информираат граѓаните. Граѓаните се информираат лично или преку нивните полномошници за предметите во кои се учесници во постапката за предметите се земени во работа, дали се решени и дали се пратени во Основните судови.

### Број на примени и одговори барања по Закон за слободен пристап до информации, начин на постапување и одговарање

Во Апелациониот суд во Гостивар во текот на 2022 година беа примени 4 (четири) барања за информации од јавен карактер, од кои 3 барања беа уважени и навремено одговорени, а 1 (едно) барање е одбиено како неосновано со решение Спи.3/22 од 05.09.2022 година, согласно член 4 став 1 точка 1 од Законот за заштита на личните податоци, односно бараната информација не е информација од јавен карактер, против кое решение беше изјавено жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, која жалба беше одбиена како неоснована.

Овластено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер за посредување со информации е Александар Дуроски.

### Број на објавени одлуки на веб страната на судот, фактори кои влијаат на објавените

На Веб страницата на Апелационен суд Гостивар редовно се објавуваат тековни информации за јавноста, месечни и периодични извештаи за работата на судот, соопштенија, огласи, билтени, информации, одлуки и др.

Во извештајниот период објавени се 3201 анонимизирани одлуки.

Фактори кои влијаат на ажурноста на објавувањето се, тековните проблеми и грешки што повремено се појавуваат во процесот на анонимизација на одлуките, како и моменталниот обем на работа на дактилографите.

### Објавени соопштенија за јавност, прес конференции, јавни настани, отворени денови организирани во судот

Во текот на 2022 година редовно на Веб страницата на судот се соопштуваат за јавноста:

- месечни и квартални извештаи за работа на судот;
- годишен извештај за работа на судот;
- годишен план за работа;
- годишна програма за работа;
- план за следење на судската пракса;
- акционен план за намалување на стари предмети;
- внатрешни процедури;
- јавни огласи за вработување;
- интерни огласи за кариерно унапредување;
- известување за објавување на Билтени.

Апелациониот суд Гостивар како дел од правосудниот систем во Република Северна Македонија, по повод 25-ти Октомври Европскиот ден на правдата, секоја година активно се вклучува во одбележувањето на овој ден. Имено, во извештајната година присуствувале студентите од Правниот факултет при Универзитетот Интернационал – Струга со седиште во Гостивар, заедно со професорите од правниот факултет, како и локалните медиумите, и тоа: ТВ-2, ТВ Глоб и дневниот печат Гостивар-прес. На одбележувањето беа изнесени активностите на овој суд со цел граѓаните да бидат запознаени со нивните основни права во повеќе области (пристапот до правдата, медијацијата, извршувањето на судските пресуди и сл.).

## 11. Извештај за информатички технологии

Функционирањето на судот во текот на извештајниот период во поглед на информатичката технологија се одвиваше непречено, посебно во делот на употребата на Автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС).

АКМИС програмата од страна на вработените се користи целосно, во сите сегменти од работењето. Имено, секој предмет односно акт, редовно се заведуваат во електронските досиеа на предметите и соодветно се процесираат. Сите потребни месечни, квартални и годишни извештаи и прегледи се генерираат електронски. Истите редовно се доставуваат до надлежните институции и се објавуваат на нашата веб страна.

Во судот има една судница во која е инсталирана опрема за тонско снимање на рочишта согласно Законот за парнична постапка. Истата се користеше од страна на судиите според упатството за тонско снимање и во текот на 2022 година снимени се тонски записи за вкупно 10 рочишта. Но, во месец декември имавме проблем со опремата и бидејќи не постои можност за сервисирање и преинсталирање, истата веќе не е во функција. Воедно, имаме и промена на компјутерот каде што беше инсталирана опремата за тонско снимање, бидеќи не ги задоволуваше воопшто потребите за работа и кој беше со оперативен систем XP. Тој беше заменет со понов компјутер кој е со Windows 7 оперативен систем и истиот не е компатибилен со постоечката хардверска опрема за тонско снимање. Согласно новонастанатата ситуација препорачуваме итно да се опреми судницата со нов систем кои ќе обезбеди не само аудио, туку и визуелно снимање и креирање на електронски аудио визуелен запис од судењата.

Во однос на електронската достава, во овој извештаен период не се пријавени никакви проблеми и таа се спроведува непречено преку “Системот за електронска достава на судски документи”, само кон оние адвокати кои се регистрирани на порталот за е-достава. Во текот на 2022 година извршена е електронска достава на вкупно 40 писмена.

Во судот, редовно се врши скенирање на сите поднесоци во врска со судските предмети кои се доставени директно до судот и истите се прикачуваат на електронското досие на предметите во АКМИС. Во текот на 2022 година се скенирани вкупно 482 поднесоци, кои се доставени до соодветниот оддел.

Анонимизацијата на одлуките на Судот се обвива непречено и во извештајниот период објавени се вкупно 3.201 анонимизирани одлуки. Исто така web порталот на нашиот суд редовно се ажурира со месечни, квартални и годишни извештаи, како и со сите потребни информации за странките. Воедно, Апелациониот суд Гостивар редовно ја следи работата на основните судови од своето апелационо подрачје во однос на електронската достава, тонското снимање како и процесот на анонимизација и објавување на судските одлуки.

Во поглед на хардверската опрема, во текот на 2022 година од страна на Судскиот совет беше извршена групна набавка на хардверска опрема за судовите, со која добивме 10 компјутери, 1 мрежен принтер и 2 скенера со кои се подобрија условите за работа. Но Судот сеуште има потреба од надоградување и опремување со нова опрема.

Во текот на 2022 година имаме и инсталација на нов сервер согласно групната набавка која беше спроведена од страна на Врховниот суд, со што се надминаа проблемите кои ги имавме.

Одредени проблеми во работењето ни предизвикува застарената мрежна инсталација во Судот чиј капацитет не ги задоволува потребите за нормално функционирање, при што е потребна нејзина замена.

Судот и оваа година го обнови сертификатот за системот за управување со квалитет ISO 9001:2015, со кој го воспостави, документира, применува и одржува системот со континуирано подобрување на истиот.

Работењето со АБМС системот се одвива непречено, навремено се надоградува и во текот на извештајниот период не се пријавени никакви проблеми.

Воедно, растот на информатичката технологија налага потреба постојано надградување и усовршување на сите вработени во судот за начинот на нејзината употреба.

## 12. Извештај за опременост и одржување на зградата на судот

### Анализа на состојбата и предлози за подобрување

Објектот на Апелациониот суд Гостивар е лоциран на Ул.“Живко Брајковски“ бр.1, Гостивар.

Работните простории Апелациониот суд Гостивар се на третиот спрат од објектот на Основен суд Гостивар, на располагање има 27 канцеларии, една судска сала, два магацини и сервер сала.

Просториите во кој се сместени судиите и судските службеници се опремени со потребниот мебел и информатичка опрема. Секој судија има свој компјутер и пристап до АКМИС и Интернет. Печатањето на одлуките се врши преку мрежен печатар со што се заштедува во средства за опрема и така е и поекономично за експлоатација. Изградено е посебна просторија за серверот.

Секоја канцеларија е климатизирана и вклучена во централниот систем за ладење и греење.

Судот располага со една судница, со систем за тонско снимање, која не ги задоволува потребите на судот.

Предметите се архивирани во железни ормари кои се поставени низ ходниците.

Судските соработници се сместени по еден, двајца или тројца во една просторија. Записничарите се сместени по тројца лица во две простории, но засега нема можност за било какво проширување. Ова состојба може да се подобри само доколку некоја од институциите кои се сместени во истата зграда (Вишото јавно обвинителство, Основното јавно обвинителство и Државен правобранител Гостивар) , да бидат преместени во друга зграда.

Од приоритетите за подобрување на состојбата во судот е изградба на лифт, поради тоа што просторите на Апелациониот суд Гостивар се наоѓаат во трети спрат од зградата на Основен суд Гостивар и не ги исполнуваат условите за пристап на лица со посебни потреби и други групи на лица со инвалидитет и др., за да можат и овие лица да имаат пристап до судот.

Реконструкција на судница, која целосно не ги задоволува потребите на судот.

## 13. Извештај за планирани и извршени јавни набавки

Во текот на 2022 година, Апелационен суд Гостивар работеше на спроведување на набавките кои беа во рамките на предвидениот Годишниот план за јавни набавки за 2022 година. Најголем дел од набавките во текот на годината се резултат на редовните годишни набавки кои се спроведуваат секоја година за потребите на судот, исто така Претседателот се ангажираше за спроведување на неколку постапки за јавна набавка на стоки, услуги и работи, преку системот за јавни набавки, и тоа:

- набавка на ситен инвентар и средства за одржување на хигиена,
- набавка на нови компјутери;
- набавка на материјали за АОП тонери и принтери;
- набавка на канцелариски материјали;
- набавка на здравствен систематски преглед за сите вработени;
- групна јавна набавка на Интернет услуги;
- групна набавка на услуги од Македонска пошта;
- групна набавка на хартија за печатење и копирање;
- набавка на услуги за користење на фиксна телефонија;
- групна набавка на услуги за користење на Мобилни телефонија;
- набавка на опремување на Апелациониот суд Гостивар со сертификат за системот за управување со квалитет ISO 9001: 2015;
- оржување на просторите на судот

Сите од спроведените набавки во целост и навремено се реализираа, по однапред утврдена динамика од страна на одговорните лица за извршување на предметните набавки, а во согласност со тековните потреби на судот.

Претседател на
Апелационен суд Гостивар
Bekim Mehmedi

Гостивар, Февруари 2023 година